Врз основа на член 121 став 1 и 3 од Законот за за управување со отпадот ("Службен весник на РМ" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08), а во согласност со Листата на видови отпади (Службен весник на РМ бр. 100/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.10.2010 година, донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неопасниот отпад на територијата на Општина Велес

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и индустриски неопасниот отпад на територијата на Општина Велес.

### Член 2

Предмет на оваа Одлука е комуналниот отпад, класифициран во група 20 од Листата на видови отпади, означен како неопасен отпад, како и на индустриски неопасниот отпад, создаден на територијата на Општина Велес.

### Член 3

Висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неопасниот отпад се пресметува за $м^2$/покриен простор и $м^2$/дворна површина и изнесува:

- физички лица покриен простор 1,50 ден/$м^2$
- физички лица дворна површина 0,20 ден/$м^2$

- правни лица покриен простор 3,50 ден/$м^2$
- правни лица дворна површина 0,50 ден/$м^2$

### Член 4

Услугата собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неоапсниот отпад ќе се врши од страна на ЈКП "Дервен" два пати неделно.

### Член 5

Со донесување на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр. 02-106/47/1 од 20.03.1995 година на ЈКП Дервен.

### Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес, а ќе се применува од 01.12.2010 година.

Број 07-5278/3
01.11.2010
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев

Доставено до:
-Градоначалник,
-ЈКП „Дервен"Велес
-Списи и архива.